# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ

# 2023

Здружение за правна едукација и транспарентност Станица ПЕТ



























# ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ 2023

WWW.STANICAPET.ORG.MK

# СОДРЖИНА




03
ЗА СТАНИЦА ПЕТ

04
КОИ СМЕ НИЕ

05
ЗА НАС

06
ВИЗИЈА И МИСИЈА

07
ПРОГРАМА
ПРИСТАП ДО ПРАВДА

23
ПРОГРАМА
ТРАНСПАРЕНТНОСТ И
АНТИ-КОРУПЦИЈА

26
ПРОГРАМА
ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ

29
5 ГОДИНИ СТАНИЦА ПЕТ

# ЗА СТАНИЦА ПЕТ




ул. Прилепски бранители бр. 24/1 - мезанин, 7500 Прилеп

www.stanicapet.org.mk

stanicapet@gmail.com

+389 76 278 753



# КОИ СМЕ НИЕ?

Здружението СТАНИЦА П.Е.Т. е грас-рут организација фокусирана на правно зајакнување и пристап до правда за маргинализираните заедници, особено за ромските и руралните заедници во Северна Македонија. Во нашата работа го користиме пристапот заснован на заедницата за да ги поттикнеме граѓаните во остварувањето на нивните права, особено фокусирајќи се на здравствените и социјалните права, како и домувањето, животната средина, граѓанското учество во демократските процеси на локално ниво, транспарентноста и отчетноста на институциите и др. Како такви, обезбедуваме правна и параправна помош и правна едукација, фасцилитираме активности на терен, мобилизација на заедницата и застапување за справување со најитните прашања со кои се соочуваат нашите целни групи.  Нашиот тим се состои од правници, параправници и здравствени промотори во заедницата, кои работат заедно и заемно ги унапредуваат своите знаења и пракса. Како грас-рут организација ги спроведуваме нашите активности во канцеларијата на организацијата лоцирана во градот Прилеп, но и преку мобилна канцеларија која патува низ три рурални области (Мариово, Кривогаштани и Долнени) како и преку онлајн/телефонска комуникација. На ваков начин, на годишно ниво обезбедуваме околу 1200 услуги и ангажираме повеќе од 100 претставници од заедниците, различни групи и институции во активности на терен. Исто така, посветени сме на олеснување и посредување во комуникацијата и соработката меѓу граѓаните и институциите на локално ниво, како и зголемување на граѓанското учество во процесите на донесување одлуки.

*“Во нашата работа го користиме пристапот заснован на заедницата“.*

Здружението е основано во 2018 година и од тогаш во континуитет реализира проекти поврзани со зајакнување на заедницата и застапување за промени. Самиот термин “станица” е место каде што луѓето секогаш можат да се обратат, а зборот “ПЕТ” е акроним и означува правна едукација и транспарентност. Ова значи дека ова здружение е место каде сите граѓани можат да бидат правно едуцирани и да побараат помош, но и транспарентност и отчетност од институциите. Основните цели кон кои е насочена нашата работа и дејствување се:
*Да им се овозможи едукација и асистенција на граѓаните во насока на остварување на нивните права, со фокус кон ранливите и маргинализирани групи, посебно кон Ромите, во делот на здравствени и социјални права.
*Да се поттикнат институциите на системот на транспарентност и одговорност во работата, прилагодена спрема потребите на граѓаните.
*Да се промовира еднаквост на граѓаните по сите основи, преку преземање на активности за превенција и заштита од дискриминација.
*Да се поттикнат физичките и правните лица за нивно вклучување во акции од хуманитарен карактер, со цел намалување на сиромаштијата.
*Да се овозможат услови за мултиетничка и социјална кохезија и делување преку вклучување на лица од различни етнички, географски и социјален профил како можност да се постигне реален и ефективен придонес за позитивни општествени промени.
*Да се придонесе кон постигнување на родова рамноправност и справување со постојните нееднаквости помеѓу мажите и жените, во насока на унапредување на вклученоста на жените во општествените процеси.

# За нас




**Весна Шапкоски**
**Извршна директорка**



**Христина Здравеска**
**Правник**



**Џенгис Бериша**
**Финансиски менаџер**



**Маја Петанческа**
**Администратор**



**Нури Дервишоски**
**Параправник**
**за Ромска заедница**



**Бајрам Ибески**
**Параправник**
**за Општина Долнени**



**Спасе Чакревски**
**Параправник**
**за регион Мариово**



**Иле Грашкоски**
**Параправник**
**за Општина Кривогаштани**



**Глорија Талеска**
**Социјален работник**



## МИСИЈА

Да се остварат правните потреби  на граѓаните преку поттикнување на отвореност и соработка на институциите.

## ВИЗИЈА

Овозможен пристап до правда за секој граѓанин.

# ПРОГРАМА:
# ПРИСТАП ДО ПРАВДА

* Локален сервис за зајакната реинтеграција и ресоцијализација (јуни 2023 – август 2024), поддржан од Македонско здружение на млади правници преку проект финансиран од Европската Унија

*Правно зајакнување и поддршка на најмаргинализираните (април - декември 2023 година), поддржан од Општина Прилеп

* Социо-економско јакнење на младите од Општина Долнени (јуни – ноември 2023), поддржан од Македонска развојна фондација за претпријатија преку проект финансиран од Европската Унија

* Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија (март 2023 – март 2025), Поддржан од Хелсиншки комитет за човекови права преку проект финансиран од Европска Унија

* Зајакнување на повратниците Роми преку еднаков пристап до економски и социјални права (декември 2022 – мај 2023) поддржан од УНДП

* Legal Empowerment Fund – institutional support (јуни 2022 – јуни 2024) поддржан од Fund for Global Human Rights (преку Legal Empowerment Fund)
















*** Пристап до правда за најмаргинализираните (јануари 2022 – јули 2023)**
**Поддржан од: ЕУ - ЕИДХР, Во партнерство со: Фондација Отворено општество Македонија, ХОПС Опции за здрав живот – Скопје**

Во периодот 18-19 мај 2023 година се одржа ***Меѓународна научна конференција*** „Човекови права и пристап до правда за најмаргинализираните заедници - теорија и пракса“. На пленарната сесија од конференцијата поздравни обраќања имаа Константин Јовановски – програмски офицер при Делегацијата на Европската Унија во Северна Македонија, проф. др. Горан Илиќ – проректор за наука на Универзитетот Св. Климент Охридски Битола, Адријана Лавчиска – програмска директорка, Фондација Отворено општество – Македонија и вонр. проф. др. Ангелина Станојоска – продекан за наука и меѓународна соработка на Правен факултет при Универзитет Св. Климент Охридски Битола. Во рамки на работниот дел беа презентирани 20 трудови од областа на заштитата на човековите права и овозможувањето еднаков пристап до правда за сите, а особено за припадниците на маргинализираните заедници. Автори на трудовите беа истражувачи, преставници од академската заедница како и од граѓанскиот сектор од неколку држави, кои имаа можност да споделат резултати, ставови и искуства од своите истражувања и пракса и да предалагаат мерки и чекори за подобрување на состојбите.
Конференцијата беше организирана од страна на Фондација Отворено општество – Македонија, Станица ПЕТ и ХОПС – Опции за здрав живот Скопје, во партнерство со Institute for Research and European Studies и во соработка со Правен факултет – Кичево, Универзитет “Св. Климент Охридски” – Битола. Истата е дел од проектот Пристап до правда за најмаргинализираните, кој се реализира со поддршка од Европската унија.









***Со магарето Марко на патот кон забрзаниот развој!***

На 19.06.2023 година, свечено ја промовиравме редовната шпедитерска линија Прилеп-Липов Дол-Витолиште, со која жителите од мариовскиот регион конечно ќе имаат редовен превоз до и од Прилеп. Се стигнува за само 8 часа, а билет плаќа кој колку има! Најеколошка и засега единствена опција за организиран јавен превоз до овие места.

Со оваа креативна акција сакавме на сатиричен начин да укажеме на неможноста жителите од мариовските села да ги остварат своите основни секојдневни потреби како што се купување намирници, здравствени и други јавни услуги, банкарски услуги, вадење на документи, а сето тоа поради недостатокот од јавен превоз на кој со години апелираат. Нецелосната санација на патот, на кој во некои делови се чини дека единствено шпедитер може да помине, дополнително ја влошува ситуацијата.

По нецел месец од актуелизирањето на проблемот од наша страна преку преформансот со магарето Марко и импровизираната шпедитерска линија, Општина Прилеп излезе со соопштение до јавноста дека се воведува директна линија до најоддалечените места од општина Прилеп, при што прва и најважна е линијата Прилеп – Витолиште. Со ова, уште еднаш се докажа дека активизмот мора да биде гласен и видлив за да предизвикува промени.















***Локален сервис за зајакната реинтеграција и ресоцијализација (јуни 2023 – август 2024), поддржан од Македонско здружение на млади правници преку проект финансиран од Европската Унија**

Во временскиот период од 1 јуни 2023 до 31 август 2024 година Здружение Станица ПЕТ го спроведува проектот Локален сервис за зајакната реинтеграција и ресоцијализација. Општата цел на проектот е да придонесе кон зајакнување на осудените лица преку подобрување на можностите и условите за нивна ресоцијализација и реинтеграција на локално ниво, односно директно ќе придонесе кон намалување на рецидивизмот и ранливоста на осудените лица по нивно отпуштање на слобода преку зајакнување на праксата за нивна ресоцијализација, реинтеграција и пост-пенална грижа.

Првата краткорочна цел на проектот е да овозможи воспоставување на локален сервис за директна поддршка на осудени лица, поранешно осудени лица и лица спрема кои се извршуваат пробациски работи во 4 општини (Прилеп, Кривогаштани, Долнени, Крушево). Оваа краткорочна цел е директно поврзана и ќе придонесе кон остварување на посебната цел на проектот која предвидува подобрување на квалитетот и достапноста на услугите за осудените лица пред отпуст како и пост-пеналната помош за поранешно осудени лица како и лицата спрема кои се извршуваат пробациски работи со цел нивна реинтеграција и ресоцијализација. Втората краткорочна цел на овој проект е зајакнување на мултисекторската соработка помеѓу институциите, граѓанскиот сектор и бизнис заедницата на локално ниво за подобрување на пристапот и услугите кон осудените лица, поранешно осудени лица и лица спрема кои се извршуваат пробациски работи. Исполнувањето на оваа цел директно ќе придонесе кон остварување на посебната цел на проектот за зајакнување на капацитетот и меѓуинституционалната соработка помеѓу казненопоправните установи, судовите, пробациските службеници, центрите за социјална заштита и другите даватели на услуги за ресоцијализација, пробација и пост-пенална заштита.






## *Правно зајакнување и поддршка на најмаргинализираните (2023 година), поддржан од Општина Прилеп

Во периодот април – декември 2023 година, се спроведуваше проектот: „Правно зајакнување и поддршка на најмаргинализираните" чија главна цел е да се обезбеди едукација и поддршка на најмаргинализираните групи на граѓани во однос на унапредување и заштита на основните човекови права. Во рамките на проектот, на 11 декември 2023 година, активистите на Станица ПЕТ организираа теренска акција во центарот на Прилеп, со цел делење на промотивен материјал за подигнување на јавната свест и поттикнување на размислување за индивидуалниот и колективниот придонес во борбата за спречување на родово базирано насилство.





Како заокружување на кампањата „16 дена активизам против родово-базирано насилство", активистите разговараа со граѓаните за важноста од препознавање, превенирање и санкционирање на оваа честа форма на насилство. Особено е важно да се истакне дека: „Сите жртви на родово-базирано насилство не изгледаат исто! Некои се скромни, тивки и повлечени, некои се сиромашни и необразовани, некои се добро ситуирани, образовани, имаат успешни кариери, можат да бидат гласни и активни. Она што е заедничко е дека на секоја и треба помош. Помош, која можеби таа сама нема да се охрабри да ја побара.

Затоа, активистите за родова правда кои работат на терен се многу важни во препознавањето, идентификувањето и обезбедувањето на прва помош на жртвите, првиот чекор кој може да ги извлече од кругот на насилството."





*** Социо-економско јакнење на младите од Општина Долнени (јуни – ноември 2023), поддржан од Македонска развојна фондација за претпријатија преку проект финансиран од Европската Унија**

Проектот „Социо-економско јакнење на младите од Општина Долнени“ е финансиран од Европската Унија преку проектот „Потпри се на младите“, спроведуван од “Македонска развојна фондација за претпријатија”, „Рурална Коалиција“, „Џуниор Ачивмент“ и „ЕЛИТ - Здружение на жени менаџери Скопје“ и го таргетира проблемот на немање доволно знаење и можности на младите од Општина Долнени за вклучување во социјално и бизнис претприемништво. Фокусот на проектот и активностите се насочени кон зголемена свесност и информираност кај младите, а посебно на младите жени за аспектите од социјалното и бизнис претприемништво, афирмирани иновативни идеи, добри модели и успешни приказни, како и овозможени ресурси и можности за пристап до поддршка за развој на социјално и бизнис претприемништво од страна на општински и други јавни институции и тоа во Општина Долнени како една од поголемите рурални општини во Пелагонискиот регион. Активностите директно придонесуваат кон подобрување на идентификуваните состојби преку зголемување на учеството на младите во локалната заедница, но и пристап до информации и можности за прашања од интерес на младите, како и овозможување на пристапот до фондови и финансиски средства, нудење на можности за работа како и учество на обуки и семинари за зајакнување на капацитетите.

Во периодот 30-31 октомври во хотел Монтана, Крушево се одржа Едукативна школа за социјално и бизнис претприемништво со цел постигнување на зголемена свесност кај младите и информираност за можностите кои ги нудат социјалното и бизнис претприемништво. На едукативната школа беа присутни 20 млади од општина Долнени кои ги зголемија своите знаења за клучните аспекти и предуслови за започнување и развивање на сопствен бизнис.







*** Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија (март 2023 – март 2025), Поддржан од Хелсиншки комитет за човекови права преку проект финансиран од Европска Унија**

Станица ПЕТ како регрантист, во рамките на проектот „Зајакнување на националните заштитни механизми против говор на омраза во Република Северна Македонија“, спроведува месечно следење на случаи на говор на омраза на локално ниво (следење на објави и коментари на различни социјални мрежи – Фејсбук, Инстаграм, Твитер, следење на случаи од пракса на здружението, особено од секојдневната работа со маргинализирани групи на граѓани), регистрирање на случаи на веб платформата www.govornaomraza.mk кои беа идентификувани при секојдневна работа и следење на различни социјални мрежи, информирање на јавноста за мониторинг активностите и учество на обуки/настани за подобрување на капацитетите на организацијата во организација на Хелсиншкиот комитет за човекови права (21-23 март - Обука за организации - подгрантисти за зајакнување на капацитетите за следење и известување говор на омраза - х. Дрим Струга; 16-17 Мај - Обука за подгрантови за зајакнување на капацитетите за говор на омраза против маргинализираните заедници – х. Панорамика Скопје). Во текот на 2023 година, идентификувани и регистрирани на веб платформата се 156 случаи на говор на омраза, најчесто по основ на етничка и национална припадност, политичка ориентација, пол и сексуална ориентација и родов идентитет.



### * Зајакнување на повратниците Роми преку еднаков пристап до економски и социјални права (декември 2022 – мај 2023) поддржан од УНДП

Проектот се спроведуваше со поддршка од Програмата за развој на Обединетите Нации (УНДП) во рамки на проектот Зајакнување на националните и локалните системи за поддршка на ефективната социо-економска интеграција на повратниците во Западен Балкан, во период од декември 2022 до јуни 2023. Во текот на проектот се спроведоа следните активности: идентификување на критериуми за избор на координатор, подготовка на методологија за идентификација на Роми повратници, идентификување и ангажирање на теренски работници, идентификација на Роми повратници, обезбедување услуги за олеснување на пристапот на повратниците до административните процедури, пристап до активности и/или услуги за поддршка на вработувањето што водат до подобрување на вработливоста и активирање на пазарот на трудот, достапност и испорака на социјални услуги до повратниците, вклучувајќи застапување и посредување на повратникот пред институциите, поднесување на извештај за напредок и конечен извештај, логистичка поддршка при организирање обуки за меки вештини, дигитални вештини и старт-ап бизниси.

Процесот на идентификување на повратници претходеше со мапирање на заинтересираните лица од ромската заедница врз основа на подготвената Методологија за идентификување на повратници Роми, преку теренски посети на семејствата „од врата до врата". Пред пристапување со прибирање на изјави, идентификуваните семејства од целната група беа информирани за проектот и можностите во истиот, а потоа беа пополнети изјави за статус на повратник.

Очекувањата од придобивките на проектот се засноваат на методолошки пристап до целната група кои имаат повратничко искуство од западно-европските земји за нивна реинтеграција преку олеснување на пристапот на повратниците до административните процедури, обезбедување социјални и здравствени услуги, пристап до активности за поддршка на вработувањето што водат до подобрување на вработливоста и активирање на пазарот на трудот, како и следење на обуки за меки вештини, дигитални вештини, учество во програма за старт-ап бизниси.

*** Legal Empowerment Fund – institutional support (јуни 2022 – јуни 2024) поддржан од Fund for Global Human Rights**

Целта на проектот кој е застапуван од Станица П.Е.Т. е да се постигне организациско зајакнување преку активности кои вклучуваат помош и поддршка на заедниците коишто се соочуваат со системски пречки преку систем на учење, користење и обликување на правото. Во тековната година се работеше на планирање на активностите, одржување на средби и месечни состаноци со донаторот и грантистите и беа одржани неколку акции за заштита на животната средина и обезбедување на климатска правда за сите граѓани подеднакво.

-На првиот ден од пролетта, споделивме неколку совети за подобра заштита на нашата околина кои беа презентирани во вид на ***информативен флаер***.

Маргинализираните заедници често се соочуваат со загадување на животната средина, а тие потешко од другите можат да пристапат до еколошка правда за себе и за своите блиски.

Токму затоа, нашите услуги вклучуваат и помош и поддршка на маргинализираните граѓани во обезбедување на еколошка правда и овозможување на чиста и безбедна животна средина за сите.









-На 22 Април - Денот на планетата Земја беше организирана креативна акција – ***јавна изложба на photovoice фотографии*** кои ја отсликуваат моменталната состојба со нерегулираните јавни диви депонии во различни населени места од општина Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Акцијата се одржа во центарот на Прилеп, со цел да се потсетиме дека нашата планета, реки, патишта и отворени површини не се места за изложба на отпад!

А кој би се грижел за нашиот дом ако не ние?

Правото на здрава и безбедна животна средина е неприкосновено и никој не смее да го загрозува за било каков интерес, најмалку бизнис или политички!


















-Станица ПЕТ на 12.09.2023 година поднесе ***пријава до повеќе институции*** за досегашното непостапување на надлежните институции во врска со забележаното подолготрајно загадување на животната средина кое се шири низ поголемиот дел на градот Прилеп и претставува опасност по здравјето на граѓаните. Граѓаните реагираа на присуство на неподнослива миризба на горење или топење на опасни материи како смола или пластика, која се јавува секој ден во вечерните часови, односно после 21 часот, во неработните денови и преку целиот ден.
Со пријавата, а согласно постојната законска регулатива беше побарано од надлежниот инспекциски орган итно да изврши вонреден инспекциски надзор на пријавената состојба. Исто така, беше побарано Народниот правобранител да го испита пропуштањето на преземање на дејствија од горенаведените органи на државната управа (Центар за управување со кризи) како и орган на единицата на локалната самоуправа (Општина Прилеп – Одделение за урбанизам и заштита на животната средина) и да преземе соодветни дејствија согласно своите надлежности.

-После поднесената пријава, Станица ПЕТ целосно го поддржа и **граѓанскиот протест** на 16.09.2023 година, на кој со големо присуство од жителите на општина Прилеп, како и медиумска поддршка беше побарано од надлежните институции да се утврди потеклото и предизвикувачот на опасната миризба, да се изречат соодветни мерки за негово санкционирање и отстранување на опасноста, но и да се испита пропуштањето на преземање на дејствија од страна на органите на државната управа и покрај бројните под За време на протестот, со изјава за медиумите и реакција се произнесе и извршната директорка на нашето здружение Весна Шапкоски, која побара одговорност од страна на надлежните институции за штетата која им се нанесува на граѓаните по нивното здравје.






## *Правна и параправна помош




Правната асистенција во 2023 година продолжи да се реализира како лично во канцеларијата на здружението, така и преку телефонска и онлајн комуникација, како и во Мобилната канцеларија за параправна помош во Витолиште, Кривогаштани и Долнени.

Граѓаните во најголем дел бараа помош за остварување на права од социјална заштита, работни односи, лична документација, домување, семејни односи и земјоделска дејност.

# *Програма за верски слободи  на Западен Балкан










Во периодот 23-24 јуни, имавме можност да оствариме посета на организацијата Centar Manjinske Zajednice од Грачаница, Косово.
Во рамки на посетата која беше организирана и фасцилитирана од NDI Kosovo и NDI North Macedonia имавме можност да се запознаеме со работата на организацијата - домаќин и да посетиме повеќе верски, културни и историски објекти во Грачаница и Приштина.
Претставници на нашето здружение беа дел и од летната школа во Тирана, во период од 17 - 21 јули, 2023 година на која споделија искуства, предизвици, успешни приказни и научени лекции од работата на програмата досега, како и промоција на нашата држава на интеркултурната вечер.

Здружението СТАНИЦА ПЕТ веќе две години е дел и од Програмата за верски слободи на Западен Балкан која ја спроведува **Националниот Демократски Институт (НДИ).**













Со цел промоција на меѓурелигискиот и меѓуетничкиот дијалог преку заеднички колективни акции, во периодот 27-28 јули, претставници на партнерската организација Centar Manjinske Zajednice од Косово беа во студиска посета на Прилеп и нашето здружение.
Студиската посета се реализираше во соработка помеѓу NDI Косово и NDI Северна Македонија со цел зголемување на соработката помеѓу „сестринските општини“ во рамките на #WBRF програмата. За време на посетата гостите имаа можност да посетат различни културни, верски и историски објекти во Прилеп и околината. Тие ги посетија Старата Црква „Св. Благовештение“ и Грчката Црква во Прилеп, по што следеше посета на Музејот 11 Октомври посветен на историјата на Прилеп од 20 век. Првиот ден заврши со посета на Паркот на револуцијата – Могила на непобедените. На вториот ден од посетата учесниците ги посетија Саат-кулата и Чарши џамијата во центарот на Прилеп, а потоа и џамијата во Тризла. Краткото патување беше заокружено со посета на манастирот Трескавец во околината на Прилеп. Во текот на посетата, двете организации потпишаа Меморандум за разбирање за идна соработка.

Во текот на 2023 година, претставници на Здружението зедоа активно учество и на две обуки за зајакнување на капацитетите на партнерските организации од Прилеп, Тетово и Струмица на кои што работеа на заеднички на подобрување на методите и алатките за меѓурелигиска комуникација, како и зголемување на вештините за јавно говорење, односи со медиуми и соработка помеѓу религиозните групи и заедници.










Во периодот 3-7 октомври, Христина Здравеска од нашата организација беше дел од Студиската посета во Келн Германија како дел од Регионалната програма за верски слободи за Западен Балкан на Националниот Демократски Институт. 5-дневната посета започна со Централната џамија во Келн и Форумот Моше. Посетата продолжи во Градскиот совет на Келн, Одделот за интеграција и различности. Вториот ден учесниците направија обиколка на катедралата во Келн и одржаа состанок во канцелариите на Католичката црква „Колнер дом". Следно беше овозможена посета на Центарот за документација и Музејот за миграција од Турција – ДОМИД. Подоцна беше остварена обиколка на синагогата и средба со претставник на Еврејската заедница во Келн.

На средбата беа претставени капацитетите на институцијата. На крајот од работниот ден беше организирана средба со Работната група на СДП за миграција и различност во Келн. Следниот ден беше организирана посета на West Deutscher Rundfunk Köln, германскиот јавен радиодифузер Cosmo Radio. WDR COSMO е радио станица која емитува глобална, мултикултурна, поп светска музика. COSMO е посветен на обезбедување на разновиден опсег на музика од целиот свет, вклучувајќи африканска, латиноамериканска и азиска музика. Подоцна, учесниците имаа обиколка на Источната православна црква во Келн. На посетата се зборуваше за православната заедница, како тие комуницираат со целните групи особено со младите.







На крајот од студиската посета беше организирана сесија со СОФРА. СОФРА е здружение од Келн, кое е резултат од спојувањето на „Rainbow Refugees Cologne Support Group eV" и самоорганизираниот состанок за ЛГБТИ бегалците и мигрантите. Како прва ЛГБТИ мигрантска самоорганизација во Северна Рајна-Вестфалија, тие обезбедуваат безбеден и моќен простор за ЛГБТИ бегалците и мигрантите.



Во периодот 20-24 ноември Здружение СТАНИЦА ПЕТ во рамки на Програмата за верски слободи на Западен Балкан , реализираше Интер-религиски инфо караван во Општините Прилеп, Кривогаштани и Долнени. Со караванот беа опфатени околу 150 граѓани од 6 населени места во овие општини, со кои беа споделени промотивни материјали и пораки за развој и поттикнување на меѓусебна толеранција и дијалог помеѓу граѓаните од различни религии и етникуми.













За работата на темата меѓу-религиска толеранција и комуникација, главните предрасуди кои постојат во нашето општество помеѓу и кон различните религиозни групи, но и за можностите за вклучување и ангажирање на капацитетите на верските заедници во акции од пошироко општествено значење, зборувавме во директното вклучување во "Македонија наутро" на МРТ кое се емитуваше на 06.12.2023.



# ПРОГРАМА: ТРАНСПАРЕНТНОСТ И АНТИ-КОРУПЦИЈА

* **Граѓански ангажман за подобра иднина (ноември 2022 – април 2023) поддржан од IFES – International Foundation for Electoral Reforms преку МЦМС**






## *Граѓански ангажман за подобра иднина (ноември 2022 – април 2023) поддржан од IFES – International Foundation for Electoral Reforms преку МЦМС

Во рамките на проектот чија главна цел беше да ги потсети избраните претставници во локалната власт на дадените предизборни ветувања за решавање на проблемот со детските градинки во општина Прилеп се спроведоа следните активности:

-На 28.02.2023 година, нашето здружение ја достави ***Петицијата*** со барање до Градоначалникот и Советот на Општина Прилеп за исполнување на ветените активности за изградба/доградба и пуштање во употреба на новите капацитети за предучилишна возраст. Петицијата беше подготвена во текот на месец јануари со прибирање на заклучоци и препораки после спроведување на форумите во заедницата и добиените одговори од Општина Прилеп на барања за пристап до информации од јавен карактер.

-Во месец февруари, петицијата проциркулира за ***потпишување*** до засегнати граѓани и родители на деца во предучилишна возраст, при што беа собрани 137 потписи за рекордно кратко време.

Петицијата беше доставена до Градоначалникот и Советот на Општина Прилеп, од кои се очекува исполнување на ветените активности за изградба/доградба и пуштање во употреба на новите капацитети за предучилишна возраст, како што беше најавено во предизборната кампања во 2021 година.






На 01.04.2023 година, организирана беше ***креативна акција*** која имаше за цел да ги потсети надлежните за дадените предизборни ветувања за решавање на проблемот со детските градинки во општина Прилеп. На настанот со креативен перформанс беше промовирана приказната за „Градот и трите градинки“, која всушност е краток есеј во кој на раскажувачки и сатиричен начин се опишува проблемот со недоволните капацитети за згрижување на децата од предучилишна возраст во Прилеп. Главната цел на настанот беше да се потсети локалната власт дека во предизборната кампања беше ветено довршување на изградбата и пуштање во употреба на градинката во населба Точила, изградба на нова градинка во населбата Кузман 2, како и пренамена на дел од ООУ „Кочо Рацин“ во детска градинка. Со овие три активности, требаше да се реши проблемот со недостатокот на капацитети за згрижување за децата кои живеат во урбаните средини на Општина Прилеп. Настанот беше сериозно медиумски проследен од сите локални и национални медиуми кои известија за истиот.















Во организација на Strategic Management Systems - SMS, на 31.10.2023 година во Битола се одржа ***промотивен настан*** „Натамошен развој на концептот за следење на изборните ветувања - искуства и научени лекции на општините и граѓанските организации“.

На настанот свое излагање имаше Маја Петанческа, проектен координатор во СТАНИЦА ПЕТ која го презентираше искуството од мониторингот на изборните ветувања на политичките партии и мобилизирањето на заедницата за барање отчет и исполнување на ветеното, како дел од проектот „Поддршка на изборните реформи во Република Северна Македонија“ поддржан од Швајцарската Агенција за Меѓународен Развој и имплементиран од Меѓународната Фондација за Изборни Системи (IFES).

# ПРОГРАМА: ОРГАНИЗАЦИСКО ЈАКНЕЊЕ

*Социјално претпријатие – Клуб ПЕТ

*Дебатен клуб – МОФ







# *Социјално претпријатие - Клуб ПЕТ

Во текот на 2023 година, социјалното претпријатие Клуб ПЕТ продолжи со работа во континуитет за изнајмување на просторот за организирање на настани и индивидуална работа.

Главната цел на Клуб П.Е.Т.е започнување со социјална деловна активност во рамки на организацијата која истовремено ќе го подобри социјалниот импакт на здружението со што ќе се зајакне правната и параправната помош на здружението и ќе се обезбедат дополнителни фондови за вадење лична документација и за маркетинг и препознатливост на здружението.

Преку спроведените економски активности се разви континуитет во реализација на социјалната деловна активност во рамки на организацијата, но и подобрување на социјалниот импакт на здружението кој се остварува со обезбедување на дополнителен фонд за вадење на лична документација за социјално загрозени граѓани кои се обраќаат во Станица ПЕТ.

Дел од настаните кои беа реализирани во текот на 2023 година, се следните:

-март 2023 година – настан: „Подобрување на имплементацијата на законите и политиките поврзани со БЗР во македонската текстилна индустрија“ од страна на Здружение за унапредување и заштита на правата на работниците ДОСТОИНСТВЕН РАБОТНИК – Прилеп.

-мај, 2023 година беа одржани серија обуки во рамки на проектот „Зајакнување на повратниците Роми за еднаков пристап до економски и социјални права“ кој се спроведува со поддршка од Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП

-август, 2023 година беа одржани две работилници од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје.

-септември, 2023 година - обука со здравствени работници во Прилеп од страна на Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Скопје.

-ноември, 2023 година беа одржани серија работилници и настани од страна на Национален Демократски Институт (НДИ) – Скопје.

-декември, 2023 година беа спроведени низа активности за социјална кохезија помеѓу учениците од основното образование, семејствата на повратниците и населението од Општина Прилеп во рамки на проектот „Зајакнување на националните и локални капацитети за поддршка на ефективна социо - економска интеграција на повратниците во земјите на Западен Балкан“ - компонента менторство, со поддршка од Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП.









# *Дебатен клуб - МОФ



Од месец септември 2023 година, во рамките на Клуб ПЕТ, започна да функционира и Дебатниот клуб кој е формиран со поддршка од Младински образовен форум – МОФ, во рамки на Проектот на УСАИД за медиумска писменост „Младите размислуваат“ – Media Literacy Project YouThink. Во текот на месец септември заедно со избраните тренери беше направена регрутација на ученици од средните училишта од општина Прилеп, при што беа пријавени 33 ученици. Тренерите учествуваа и на Обуката за тренери организирана од МОФ во перидот од 19 септември до 1 октомври 2023 година. На обуката, тренерите се стекнаа со вештини за водење на Дебатниот клуб и одржување на предавања за млади, преку теоретски предавања и практични вежби. Во периодот октомври-декември се одржаа вкупно 13 средби на членовите на Дебатниот клуб, кој функционира во рамките на социјалното претпријатие Клуб ПЕТ. Предавањата се состојат во презентации и практични вежби за стекнување на вештини за дебата и аргументирано говорење, кои се однапред подготвени од страна на Младински образовен форум.







Презентациите беа заокружени со учеството на два тимови од Дебатниот клуб од Прилеп на Националното дебатно првенство за почетници кое се одржа во периодот од 15-17 декември во Скопје.





# 5 ГОДИНИ СТАНИЦА ПЕТ

Реализирани **25** проекти со фокус на правно зајакнување, пристап до правда, унапредување на човековите права, транспарентноста, отчетноста и граѓанското учество,

Обезбедени над **5000** услуги за повеќе од **1500** граѓани

Актуелизирани бројни индивидуални и системски пречки во остварување на правата.

За најчестите проблеми и предизвици со кои се соочуваат граѓаните од Прилеп и околните места, за скорешните активности со кои се актуелизираат овие проблеми, за (не)постапувањето на институциите за нивно решавање, како и за активностите во фокус за наредниот период, извршната директорка на здружението Весна Шапкоски разговараше со новинарката Елизабета Митреска, во прилог за утринската програма на МРТ1.






# ЗДРУЖЕНИЕ СТАНИЦА ПЕТ

СТАНИЦА П.Е.Т.
ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ПРАВНА ЕДУКАЦИЈА И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Контакт:

ул. Прилепски бранители
бр. 24/1 - мезанин

+389 76 278 753

www.stanicapet.org.mk

stanicapet@gmail.com